Собранието на Комората на извршители на Република Македонија врз основа на член 76 став 3 од Законот за извршување (Службен весник на Република Македонија бр.72 од 12.04.2016 година) в.в со член 22 од Статутот на Комората на извршители на РМ, на седницата на вонредното собрание одржана во Скопје на 20.06.2016 година донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-552/14
24.06.2016 год.
СКОПЈЕ

# ДЕЛОВНИК
## за работа на Собранието на КИРМ

Член 1

Со овој Деловник се утврдуваат правилата за начинот на свикување и работење на Собанието на КИРМ, утврдувањето на Дневниот ред, раководењето со Собранието и начинот на гласање и одлучување на Собранието на КИРМ.

Член 2

Собранието работи како редовно и вонредно.
Редовно Собрание на КИРМ се одржува еднаш годишно и тоа во првата недела од месец февруари, додека вонредно Собрание на КИРМ се одржува по потреба.

Член 3

Вонредна седница на Собранието на Комората може да свика претседателот на Комората, со одлука на Управен одбор, или на писмено барање од најмалку триесет члена на Комората. Ако претседателот на Комората неја свика седницата во рок од еден месец од денот на донесувањето на одлуката на Управениот одбор, односно од поднесувањето на писменото барање од членовите на Комората за свикување на седница, седницата ќе ја свика членот на Управниот одбор одреден од овој орган, односно членовите на Комората кои го поднеле барањето за свикување на вонредното Собрание.

Член 4

Собранието на КИРМ го отвора и со неговата работа раководи Претседателот на Комората на извршители на РМ, а во случај на негова спреченост или отсутност, со Собранието раководи потпретседателот, а во случај на спреченост на потпретседателот, најстариот член на Управниот одбор.
Претседателот на Комората на извршители на РМ, раководи со работата на Собранието, на тој начин што дава збор на членот на Собранието кој се пријавил за дискусија по точката од Дневниот ред за кој се расправа, а може да

му го одземе зборот доколку не се придржува кон точката од Дневниот ред и времето предвидено за дискусија кое изнесува 10 минути, за секоја точка.

Собранието на КИРМ, на предлог на Претседателот на КИРМ, избира Работно Претседателство, составено Претседателот на КИРМ и уште 2 члена, кое се грижи за непречено одвивање на работата на Собранието, како и други работни тела на Собранието и тоа:

А) Верификациона комисија - 3 члена
Б) Записничар - 1 член
В) Заверувач на записник – 2 члена
Г) Изборна комисија - 3 члена

Член 5

Во работата на Собранието и во донесувањето на Одлуките имаат право да учествуваат сите именувани извршители и заменици извршители на РМ кои отпочнале со работа.

Член 6

Собранието донесува полноважни одлуки ако во неговата работа учествуваат мнозинство од членовите на Собранието.
Одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови, освен ако Собранието не реши поинаку.

Член 7

По утврдувањето на кворумот за работа и одлучување на Собранието, се пристапува кон усвојување на предложениот Дневен ред.
Пред усвојувањето на Дневниот ред, може да се предложат измени и дополнувања на истиот.

Член 8

Сите извршители и заменици на извршители имаат право да предлагаат и да бидат предложени во органите на управување на Комората.

Сите извршители и заменици на извршители имаат право да гласаат и да бидат гласани.

Гласањето се врши на гласачки ливчиња, кои се изготвуваат по утврдување на кандидатурата на кандидатите за кои ќе се гласа.

Член 9

Предлагањето на кандидати за членови на органите на управување и претседателот на Комората се врши јавно.

Собранието утврдува листа со предложени кандидати.

За член на орган на Собранието се смета дека е избран кандидат за кој гласале повеќе од половина од присутните членови на Собранието.

Доколку, во првиот круг на гласање, ниту еден од предложените кандидати, не добие мнозинство гласови, се спроведува втор круг на гласање, во кој што влегуваат двајцата кандидати, кои добиле најмногу гласови.

За претседател на Комората се смета дека е избран оној кандидат за кого гласале мнозинството од членовите на Собранието.

Доколку, во првиот круг на гласање, ниту еден од предложените кандидати, не добие мнозинство гласови, се спроведува втор круг на гласање, во кој што влегуваат двајцата кандидати, кои добиле најмногу гласови.

Член 10

При изборот на членови на органите на Комората ќе се внимава на тоа да се запази принципот на територијална застапеност на извршителите и заменицте на извршители од сите подрачја на апелационите судови.

Член 11

Изборите ги спроведува изборна комисија составена од 3 члена.

Изборната комисија ја избира Собранието на предлог на претседателот на Комората, односно претседавачот на Собранието.

Изборната комисија го спроведува гласањето, се грижи за регуларноста на изборната постапка и го обезбедува и подготвува гласачкиот материјал.

Член 12

Гласачкото ливче треба да содржи:

1) орган или функција, за кои се врши избор;
2) имиња на кандидатите, подредени по азбучен ред на презимето;
3) апелационото подрачје за кое е именуван кандидатот, кое се наведува покрај името на кандидатот;

4) упатство дека гласањето се врши со заокружување на редниот број пред името на кандидатот;
5) напомена за колкав број на членови за секој орган или функција, се врши гласањето.

Член 13

За важечко гласачко ливче се смета она ливче за кое е гласано со заокружување на, не повеќе од бројот на кандидати, кои се избираат за соодветен орган или функција.

Член 14

По завршеното гласање, Изборната комисија ги пребројува гласачките ливчиња, утврдува дали има неважечки ливчиња и колкав е нивниот број, и ги утврдува резултатаите од гласањето.

Член 15

За време на спроведувањето на изборите, како и за време на утврдување на резултатите од гласањето, Изборната комисија води записник.

По утврдувањето на резултатите од гласањето, претседателот на Изборната комисија во нејзино име поднесува извештај на Собранието.

Член 16

Предлог за измени и дополнувања на овој деловник може да даде секој член на Собранието, а тие се усвоени доколку за нив гласале повеќе од половина од присутните членови.

Член 17

Овој Деловник влегува во сила со денот на негова објава на веб сајт на Комората на извршители на РМ , а се применува од денот на почеток на примена на Законот за извршување ( "Службен весник на РМ" бр. 72 од 12.04.2016 година) .

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Зоран Петрески**